# ЗАПИСНИК
## од четиринаесетта седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 19.10.2025 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, Маја Дамевска д-р Ивана Стојановска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори четиринаесетта седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата почна во 13:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлози за поведување прекршочна постапка за прекршување на изборниот молк – Локални избори 2025 година.
2. Разно.

**Точка 1**

Господинот Трајчевски ги образложи Предлозите за поведување прекршочна постапка поради прекршување на изборниот молк за време на Локалните избори 2025 година. Во однос на првото прекршување, посочи дека при вршење на медиумски надзор на 18 октомври 2025 година кај радиодифузерот ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје, кој емитува програма на државно ниво, е утврдено прекршување на член 76-б став 3, во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик. Имено, на наведениот датум, за време на изборниот молк во првиот круг од Локалните избори 2025, радиодифузерот емитувал реприза на посебната информативна емисија „Клик плус – изборна дебата“, која премиерно била прикажана на 17 октомври 2025 година. Во емисијата учествувале

тројца кандидати за градоначалник на општина Центар, што претставува прекршување на изборниот молк. Поради наведеното, се предлага Советот да донесе заклучок за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд против ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) над изборното медиумско претставување, бр.10-4431/1 од 18.10.2025 година на ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје и поради прекршување на член 76-б став 3 од Изборниот законик едногласно заклучи да се покрене прекршочна постапка пред надлежен суд против ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје.

Спротивно на членот 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик, ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје, на 18 октомври 2025 година, за време на изборниот молк за првиот круг од изборната кампања за Локалните избори 2025 година, емитуваше реприза на посебната информативна програма Клик плус-изборни дебати, премиерно емитувана на 17.10.2025, реализирана како дебата во која учествуваат тројца кандидати за градоначалник на Општина Центар, односно емитуваше информации и аудиовизуелни материјали во кои учествуваат учесници во изборите.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд против Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје.

Директорот Трајчевски, во врска со предлогот за поведување прекршочна постапка поради прекршување на изборниот молк за време на Локалните избори 2025 година, информираше за прекршокот на Трговското друштво за радиодифузна дејност ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје. Овој радиодифузер емитува програма на регионално ниво, на територијата на град Скопје. Со мониторингот е утврдено дека на 18 и 19 октомври 2025 година, радиодифузерот го прекршил член 76-б став 3 од Изборниот законик, односно прекршил одредби поврзани со забраната за изборно медиумско претставување за време на изборниот молк. Имено, на наведените датуми бил емитуван музички спот посветен на поранешниот пратеник и претседател на партијата „Сојуз на Ромите од Македонија", Амди Бајрам. Во спотот се појавува неговиот син, Елвис Бајрам, кој е актуелен кандидат за градоначалник на општина Шуто Оризари од истата политичка партија, како и поранешен градоначалник на истата општина. Врз основа на констатираното прекршување, се предлага Советот да донесе заклучок за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд против ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) над изборното медиумско претставување, бр.10-4434/1 од 19.10.2025 година на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје и поради прекршување на член 76-б став 3 од Изборниот законик едногласно заклучи да се покрене прекршочна постапка пред надлежен суд против Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје.

Спротивно на членот 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик, Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје, на 18 и 19 октомври 2025 година, за време на изборниот молк за првиот круг од изборната кампања за Локалните избори 2025 година, емитуваше информации и аудиовизуелни материјали во кои учествуваа учесници во изборите, односно емитуваше музички спот

и документарна емисија во кои се појавува Елвис Бајрам, кандидат за градоначалник на Општина Шуто Оризари од подносителот на листа Сојуз на Ромите од Македонија.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд против Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје.

**Точка 2**

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**